СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФР

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 12 јуни 1969

БЕЛГРАД

БРОЈ 25 ГОД. XXV

Цена на овој број е 2,00 динари. — Претплата за 1969 година изнесува 60,— дин. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Поштенски фах 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 50-934; Служба за претплата 51-732. Продавница служба 51-671.

369.

Врз основа на членот 42 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69 и 20/69), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ ВО ДЕВИЗИ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ШТЕТА, ОСИГУРЕНИТЕ ИЗНОСИ И ТРОШОЦИТЕ ОД РАБОТИТЕ ПО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Во Одлуката за плаќање во девизи на надоместокот на штета, осигурените износи и трошоците од работите по осигурување („Службен лист на СФРЈ“, бр. 52/66) по точката 4 се додаваат две нови точки, кои гласат:

„4а. Надоместокот за штетите коишто стопанските организации ги наплатуваат во динари од Фондот за кредитирање и осигурување на извозни работи по основ на осигурување на побарувањата по кредитите за извоз на стоки и изведување инвестициони работи во странство одобрени на странски лица, има карактер на наплата во девизи, ако е осигурувањето извршено на фактурната вредност изразена во девизи.

4б. Девизните приливи што ќе се остварат со регрес на исплатените штети во смисла на точката 4а од оваа одлука им припаѓаат на текуштите девизни резерви.“

2. Одредбата на точката 4а од Одлуката за плаќање во девизи на надоместокот на штета, осигурените износи и трошоците од работите по осигурување ќе се применува врз осигурените ризици што ќе се остварат по 1 јануари 1969 година, а по договорите за осигурување што ги склучил Фондот по 1 јануари 1968 година.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 105
4 јуни 1969 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

370.

Врз основа на членот 10 од Основниот закон за заштита од пожар („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 18/65 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/65), сојузниот секретар за внатрешни работи пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕТО И ЧУВАЊЕТО НА КАРБИД И МАНИПУЛИРАЊЕТО СО КАРБИД

Член 1

Во Правилникот за складирањето и чувањето на карбид и манипулирањето со карбид („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 9/62) називот се менува и гласи: „Правилник за складирање и чување на калциум карбид и за манипулирање со калциум карбид“.

Член 2

Во членот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Одредбите од овој правилник не се однесуваат на складирањето и чување на калциум карбид и на манипулирање со калциум карбид кај производителот.“

Член 3

Во членот 2 ставот 2 се менува и гласи:

„За складирање на калциум карбид постојат два вида складови, и тоа:

1) складови во кои може да се држи до 2.500 kg калциум карбид;

2) складови во кои може да се држи над 2.500 kg калциум карбид.“

Член 4

Членот 3 се менува и гласи:

„Складовите во кои се држи до 2.500 kg калциум карбид мораат да се наоѓаат во приземни објекти, без оглед на нивната намена, што ги исполнуваат следните услови:

1) да немаат визба;

2) најмалку еден ѕид од складот да биде надворешен;

3) да е одвоен складот од другите работни и други простории со ѕидови од тули дебели 25 cm или од друг незапалив материјал во толкава дебелина што ѕидот изработен од тој материјал да има јачина на ѕид од тули дебели 25 cm.

Складовите во кои се држи над 2.500 kg калциум карбид мораат да бидат изградени како слободно стоечки објекти, оддалечени најмалку 15 m од индустриските објекти, од згради во кои е сместен запалив материјал, од јавните патишта, железничките пруги и надземни електроенергетски водови, а од јавните објекти во кои живеат, работат или престојуваат луѓе — најмалку 40 метра.

Ако оддалеченостите наведени во ставот 2 на овој член со други прописи се определени поинаку, ќе се применуваат тие прописи.“

Член 5

Во членот 4 ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Складовите за калциум карбид мораат да бидат изградени од незапалив материјал, а вратите на складовите мораат да се отвораат нанадвор. Ако вратите се од челичен материјал, мораат да се обложат со лим од некој обоен метал или со друг материјал што не искри. Капаците на прозорците мораат да се отвораат нанадвор.

Подовите на складовите за калциум карбид мораат да бидат од материјал што не искри и мораат да бидат заштитени од влага. Складираниот калциум карбид мора да биде издигнат најмалку 20 cm од подот.“

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Складовите за калциум карбид мораат да имаат громобранска инсталација пропишана со техничките прописи за громобраните.“

Член 6

Членот 5 се менува и гласи:

„Складовите за калциум карбид мораат да имаат природна или вештачка вентилација, којашто овозможува проветрување на ситé делови на складот.

Излезниот отвор на вентилацијата треба да се наоѓа на највисокото место на складот. Излезниот отвор на каналот или на цевката од вентилацијата мора најмалку за 1 метар да ја надвишува највисоката точка на покривот од складот или од зградата врз која се опира складот. Вентилационите отвори мораат да бидат изградени така што да не можат да се затворат односно да се затнат и низ нив да не може да влегува вода во складот.

Складовите за калциум карбид мораат да бидат доволно осветлени со дневна светлина. Ако складовите се осветлуваат со електрично осветление, електричните постројки за осветлување мораат да бидат во согласност со техничките прописи за електричните постројки на надземните места загрозени од експлозивни смески."

Член 7

Членот 6 се менува и гласи:

„Во просториите на складовите за калциум карбид не смеат да се поставуваат уреди за загревање и гасни и водоводни инсталации.

Складовите за калциум карбид мораат да бидат снабдени со соодветни апарати за гаснење пожар што се наполнети со сув прав.

На влезот во складовите за калциум карбид мораат на видни места да се истакнат читливи натписи: „На незапослени лица забрането влегување во складот", „Забранета употреба на отворен оган", „Забрането пушење", „Забранета употреба на алат што искри", „Забранета употреба на вода и пена за гаснење пожар", „За гаснење пожар да се употребуваат само суви средства"."

Член 8

Во членот 7 ставот 1 се менува и гласи:

„Во складовите за калциум карбид не смеат да се држат експлозивни и лесно запаливи материи, а покрај складовите во кои се држи над 2.500 kg калциум карбид не смеат да се држат вакви материи ниту во заштитен појас широк најмалку 15 метра."

Член 9

Членот 10 се менува и гласи:

„Во работилници и други простории во кои се наоѓаат подвижни или стабилни развивачи на ацетилен, може да се држи калциум карбид само во количина за еднодневна потрошувачка, а најмногу до 200 kg. Ако оваа количина калциум карбид е спакувана во повеќе садови, додека не се потроши сета количина од еден сад не смее да се отвора друг сад.

Во работилниците и просториите од ставот 1 на овој член калциум карбидот не смее да се става на подот туку на постамент од незапалив материјал што е најмалку 20 cm издигнат од подот. Тој постамент мора да биде обезбеден од оган и вода и оддалечен од изворите на топлина и водоводните инсталации најмалку 10 метра."

Член 10

Членот 11 се брише.

Член 11

Во членот 12 бројот: „50" се заменува со бројот: „100".

Член 12

Во членот 13 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„При превоз на калциум карбид со средства на јавниот сообраќај, врз средствата и објектите на јавниот сообраќај ќе се применуваат прописите за превозот на опасни материи со средства на јавниот сообраќај."

Член 13

Чл. 14, 15 и 17 се бришат.

Член 14

Во членот 18 став 1 точ. 3 и 4 се бришат.

Член 15

Во членот 16 зборовите: „органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за внатрешните работи" се заменуваат со зборовите: „надлежниот општински орган на управата".

Во сите членови зборот: „карбид" односно „карбидот" се заменува со зборовите: „калциум карбид" односно „калциум карбидот".

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П — бр. 223-310/17
28 мај 1969 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
Радован Стијачиќ, с. р.

371.

Врз основа на членот 26 став 2 од Основниот закон за електростопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/65, 9/68 и 50/68) и членот 6 став 1 од Законот за техничките мери („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65), сојузниот секретар за стопанство пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ЗА ИСПОРАКАТА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се определуваат техничките услови што мораат да бидат исполнети при испораката на електрична енергија.

Член 2

Електроенергетските објекти мораат да бидат изведени и одржувани според соодветните технички прописи и југословенски стандарди, како и според одредбите на овој правилник.

Како електроенергетски објекти, во смисла на овој правилник, се подразбираат постројки, водови, инсталации, уреди и трошила што служат за производство, пренесување, разведување и потрошувачка на електрична енергија.

Член 3

Испорачувачот на електрична енергија и купувачот односно потрошувачот на електрична енергија се должни меѓусебно да се известуваат за неисправностите што ќе ги забележат на електроенергетските објекти, а кои можат да влијаат врз нормалниот погон на електроенергетските постројки на испорачувачот на електрична енергија или на купувачот односно потрошувачот на електрична енергија.

Како испорачувач на електрична енергија (во понатамошниот текст: испорачувач), во смисла на овој правилник, се подразбираат претпријатијата што им испорачуваат електрична енергија на ку-

пувачите односно на потрошувачите на електрична енергија.

Како потрошувач на електрична енергија (во понатамошниот текст: потрошувач), во смисла на овој правилник, се подразбираат потрошувачите приклучени на преносната и дистрибутивната мрежа.

Како купувач на електрична енергија (во понатамошниот текст: купувач), во смисла на овој правилник, се подразбираат претпријатијата што вршат пренос односно дистрибуција на електрична енергија.

2. Приклучување и приклучоци на потрошувачи

Член 4

Електроенергетските објекти на потрошувачите се приклучуваат на електроенергетските објекти на испорачувачот преку приклучоци.

Како електроенергетски објекти на потрошувачот се сметаат водови, постројки, инсталации, уреди и трошила што се наоѓаат зад мерните уреди односно зад местата на предавањето на електричната енергија.

Член 5

Електроенергетските објекти на потрошувачот мораат да бидат проектирани, изведени и одржувани така што да не предизвикаат пречки при испораката и користењето на електричната енергија и при ракувањето со тие објекти.

Член 6

Електричните уреди и трошила на потрошувачот што можат да предизвикаат струјни удири, недозволена промена на напонот (по големина и форма) или високофреквентни пречки, можат да бидат во погон ако тие пречки се сведат на дозволените граници.

Ако дозволените граници на пречките од ставот 1 на овој член не се пропишани, нив спогодбено ги определуваат испорачувачот и потрошувачот, применувајќи ги соодветните странски прописи и препораки (VDE, IEC и GOST).

Член 7

Приклучувањето на електроенергетските објекти на потрошувачот и нивното исклучување го врши испорачувачот под условите и на начинот што се определени во Основниот закон за електростопанството.

Член 8

Заради приклучување на електроенергетските објекти на потрошувачот за чие користење според важечките прописи не се издава одобрение за употреба, потрошувачот е должен на испорачувачот да му даде потврда од овластениот изведувач на работите дека тие објекти се изведени според соодветните технички прописи и југословенски стандарди.

Член 9

Како приклучок, во смисла на овој правилник, се смета склоп на електрични водови и уреди од низок или висок напон со кои електроенергетскиот објект на потрошувачот се поврзува за електроенергетскиот објект на испорачувачот.

Приклучокот, по правило, се состои од надворешен и внатрешен приклучок.

Промени и реконструкции на приклучоците можат да се вршат само во согласност со испорачувачот.

Член 10

Нисконапонскиот надземен надворешен приклучок го опфаќа водот од електроенергетскиот објект на испорачувачот до изолаторот на покривниот носач, на конзолата или на објектот (зграда, столб) на потрошувачот, вклучувајќи ги и самите изолатори.

Нисконапонскиот надземен надворешен приклучок со самоносечкиот кабел го опфаќа самоносечкиот вод од електроенергетскиот објект на испорачувачот до фаќалиштето на самоносечкиот вод на објектот (зградата) на протрошувачот.

Нисконапонскиот кабелски надворешен приклучок го опфаќа кабелскиот вод од електроенергетскиот објект на испорачувачот до кабелската глава (завршница, шкафче) на објектот на потрошувачот, вклучувајќи ја и кабелската глава (завршница, шкафче).

Во надворешниот приклучок од ст. 1 до 3 на овој член спаѓаат и евентуалните осигурувачи на одвојците, одводници на пренапонот и приклучоци на уземјувањето.

Член 11

Високонапонскиот надземен надворешен приклучок го опфаќа надземниот вод од електроенергетскиот објект на испорачувачот до затезните изолатори на објектот на потрошувачот, вклучувајќи ги и изолаторите.

Високонапонскиот кабелски надворешен приклучок го опфаќа кабелскиот вод од електроенергетскиот објект на испорачувачот до кабелската глава во објектот на потрошувачот, вклучувајќи ја и кабелската глава.

Член 12

Ако покривните носачи, ѕидните носачи или конзолите на објектот на потрошувачот служат за потребите на мрежата на испорачувачот, тие се составен дел на таа мрежа.

Составен дел на мрежата, во смисла на ставот 1 од овој член, сочинуваат и кабелските разделни шкафчиња, како и кабелските шкафчиња, од типот „влез—излез“ сместени на објектот на потрошувачот.

Приклучните водови на потрошувачот не се составен дел на мрежата на испорачувачот.

Член 13

Нисконапонскиот внатрешен приклучок го сочинуваат електричните водови и другите уреди од надворешниот приклучок до мерните уреди на потрошувачот, вклучувајќи ги и мерните уреди.

Примарниот внатрешен приклучок е дел од внатрешниот приклучок кој почнува од надворешниот приклучок до главните куќни осигурувачи, вклучувајќи ги и тие осигурувачи.

Секундарниот внатрешен приклучок е дел од внатрешниот приклучок кој почнува од главните куќни осигурувачи до мерните уреди, вклучувајќи ги и тие уреди.

Член 14

Високонапонскиот внатрешен приклучок ги опфаќа водовите и уредите од надворешниот приклучок до мерните уреди, ако тие уреди не се сместени во објектот на испорачувачот.

Член 15

За одржувањето на надворешниот приклучок во технички исправна состојба се грижи испорачувачот односно потрошувачот, зависно од тоа чиј е приклучокот.

Член 16

Меѓусебното поврзување на електроенергетските објекти на испорачувачот и купувачот се уредува со нивна спогодба.

3. Заштита на електроенергетските објекти

Член 17

Заштитата на електроенергетските објекти на потрошувачот односно на купувачот и заштитата на електроенергетските објекти на испорачувачот мораат да бидат меѓусебно технички усогласени.

Заштитата на електроенергетските објекти од ставот 1 на овој член се врши според одредбите на соодветните технички прописи и југословенски стандарди.

Заради обезбедување успешна заштита на електроенергетските објекти на потрошувачот испорачувачот може на потрошувачот да му дава упатства за примената на одделни видови заштита.

Член 18

На барање од потрошувачот испорачувачот е должен да му даде податоци за јачината на очекуваната струја на земниот и за снагата на краткиот спој на приклучокот на потрошувачот.

Испорачувачот е должен да го извести потрошувачот за зголемувањето на јачината на струјата на земниот и за снагата на краткиот спој на приклучокот на потрошувачот, ако овие вредности се поголеми од оние за кои заштитата и уредите на приклучокот се димензионирани.

Член 19

Видот, местото на поставувањето и временското и струјното степенување на прекуструјната заштита на приклучокот на потрошувачот се определуваат според одредбите на соодветните технички прописи и југословенски стандарди.

Испорачувачот може да му дава на потрошувачот упатства за примената на видот и временското и струјното степенување на прекуструјната заштита, како и за местото на поставувањето на таа заштита.

На барање на потрошувачот испорачувачот е должен да му даде на потрошувачот известувања во поглед изборот на видот на прекуструјната заштита.

Измената на видот на прекуструјната заштита и нејзиното степенување на приклучокот на потрошувачот се врши со согласност на испорачувачот.

Член 20

За примена на одделни видови прекуструјна заштита, за нејзиното временско и струјно степенување, за местото на поставувањето на заштита, како и за измените на таа заштита кај електроенергетските објекти на испорачувачот и купувачот, испорачувачот и купувачот одлучуваат спогодбено.

Член 21

При поставување уреди што овозможуваат повторно брзо вклучување на електроенергетските уреди и постројки, испорачувачот и купувачот односно потрошувачот спогодбено вршат избор и прилагодување на уредите за повторно брзо вклучување.

Член 22

Испорачувачот и купувачот спогодбено ги усогласуваат видовите на пренапонската заштита на нивните електроенергетски објекти, а особено во поглед на координацијата на изолацијата.

Член 23

Потрошувачот може од испорачувачот да бара, а испорачувачот е должен на барање да му ги достави сите податоци за изборот на заштитните мерки од превисокиот напон на допирот и чекорот.

Член 24

Пломбата од заштитниот уред на местото на предавањето на електричната енергија смее да ја симне само за тоа овластениот работник на испорачувачот.

4. Мерни уреди

Член 25

Мерењето на испорачаната и преземената електрична енергија и на снагата се врши со соодветни мерила со припаѓачки уреди.

Мерилата за мерење на електрична енергија и снагата мораат да бидат претледани и жигосани од органот на контролата на Сојузниот завод за мери и благородни метали.

Член 26

За посредно утврдување на пресметковната снага на електричната енергија кај потрошувачот на низок напон, можат да се користат и покажувачи на снагата (kVA, kW), покажувачи на максималната струја (A), тарифни прекинувачи и топливи осигурувачи од соодветна конструкција.

Уредите од ставот 1 на овој член мораат да бидат снабдени со атест со кој се потврдуваат нивните технички карактеристики и својства.

Атестот од ставот 2 на овој член го издава производителот (производителски атест) или соодветна стручна организација од името на производителот.

Уредите од ставот 1 на овој член подлежат, по потреба, на повремена техничка контрола, што ја врши испорачувачот.

Член 27

Промени и поправки на мерилата и припаѓачките уреди за мерење на електричната енергија на висок напон, можат да се вршат само ако за тоа претходно се спогодат испорачувачот и купувачот.

За промените и поправките на мерилата и припаѓачките уреди за мерење на електричната енергија на низок напон, испорачувачот е должен да го извести потрошувачот.

Член 28

Пред да се постават односно пред да почнат да се користат мерилата за електрична енергија и уредите што им припаѓаат, испорачувачот може да прегледа дали мерилата се жигосани (член 25), како и дали уредите од членот 26 на овој правилник имаат атест.

Член 29

Испорачувачот и потрошувачот односно купувачот спогодбено ќе го утврдат видот, класата на точност и бројот на мерилата за електрична енергија, како и местото и начинот на поставувањето на мерилата.

Член 30

Класата на точност за мерилата за работна и реактивна енергија изнесува, и тоа:

1) за мерилата за работна енергија со мерење преку мерни трансформатори на висок напон за потрошувачка до 25,000.000 kWh годишно — класа на точност 1,0, а за потрошувачка над 25,000.000 kW годишно — класа на точност 0,5;

2) за мерилата за работна енергија со директно мерење (без мерни трансформатори) — класа на точност 2,0;

3) за мерилата за работна енергија со мерење преку мерни трансформатори на низок напон — класа на точност 1,5;

4) за мерилата за реактивна енергија — класа на точност 2,0 до 3,0;

5) за мерни трансформатори — класа на точност до 0,5.

5. Фреквенција и напон

Член 31

Фреквенцијата и напонот на електричната мрежа можат да отстапат од називните вредности само во границите предвидени со овој правилник.

Член 32

Називната фреквенција на електрична мрежа е 50 Hz.

Во нормален режим на работа на електроенергетскиот систем средните отстапувања од називната фреквенција на електричната мрежа за временски период од 15 минути не можат да бидат поголеми од ± 0,1 Hz ако фреквенцијата се регулира

автоматски. Ако регулацијата на фреквенцијата се врши рачно, средното отстапување може да биде само ± 0,2 Hz.

По исклучок, во случај на виша сила називната фреквенција на електричната мрежа може да се намали најмногу до 49,5 Hz. Во овој случај таа мора да се регулира на вредноста од ставот 2 на овој член најдоцна во рок од 1 час. Ако од овие причини називната фреквенција по исклучок се намали и под 49,5 Hz истата треба да се регулира на вредност 49,5 Hz најдоцна во рок од 15 минути.

Член 33

Амплитудите на колебањата на називната фреквенција што во нормален режим на работа се суперпонираат на пропишаните дозволени отстапувања на средната вредност на називната фреквенција не можат да ја преминат вредноста од 0,20 Hz.

Член 34

Дозволеното стандардно отстапување на називната фреквенција на електричната мрежа, посматрано во временски период од еден месец, треба да биде помалку од 0,1 Hz.

Член 35

Отстапување на синхроното време не може да биде поголемо од ± 150 секунди ако регулацијата на фреквенцијата се врши рачно, а ± 20 секунди ако регулацијата се врши автоматски.

Штом ќе дојде до отстапувањето од ставот 1 на овој член, задолжително се пристапува кон корекција на отстапувањето на синхроното време, така што временската грешка да се доведе на отстапување до ± 5 секунди.

Член 36

Отстапувањето од називниот напон на електричната мрежа на местото каде што електричната енергија му се предава на купувачот или потрошувачот приклучен на мрежата на висок напон до 110 kV може да биде само ± 5%.

Регулацијата на напонот на електричната мрежа на местото на предавањето на електричната енергија на мрежата од висок напон, се утврдува со договор помеѓу купувачот односно потрошувачот и испорачувачот.

Член 37

Отстапувањето од називниот напон на електричната мрежа на местото на предавањето на електричната енергија на мрежата од низок напон може да биде само во границите од + 5% до — 6%.

Член 38

По исклучок, ако поради квар на електроенергетските објекти на испорачувачот предизвикан со виша сила не е можно со никакви мерки да се воспостави нормална напонска состојба на електричната мрежа, дозволени се и поголеми отстапувања од напонот отколку што се отстапувањата предвидени во чл. 36 и 37 на овој правилник.

Во случајот од ставот 1 на овој член испорачувачот е должен во што пократок рок да го отстрани кварот на електричната мрежа и повторно да воспостави нормална напонска состојба на мрежата.

Член 39

Испорачувачот и купувачот односно потрошувачот со договорот за испорака на електричната енергија можат да предвидат и други граници на отстапувања од називниот напон на електричната мрежа, отколку што се предвидените во чл. 36 и 37 на овој правилник.

6. Прекинувања и ограничувања во испораката на електрична енергија

Член 40

Испорачувачот е должен на потрошувачот односно на купувачот да му ја испорачува електричната енергија без прекинување.

По исклучок од одредбата од ставот 1 на овој член испораката на електрична енергија може да се прекине или ограничи ако е тоа нужно поради одржување, реконструкција или ремонт на производните, преносните и дистрибутивните електроенергетски објекти, како и поради квар на овие објекти предизвикан со виша сила.

Член 41

Ако дојде до прекинување или ограничување во испораката на електрична енергија поради одржување, реконструкција или ремонт на електрични објекти, испорачувачот е должен тие прекинувања или ограничувања да ги сведе на најмала мера и во време кога тие претставуваат најмала пречка во работата на потрошувачот односно купувачот.

Испорачувачот е должен во случај на прекинување или ограничување од ставот 1 на овој член да го извести потрошувачот за почетокот и траењето на прекинувањето или ограничувањето, и тоа потрошувачите со кои има склучен договор за испорака на електрична енергија најмалку 48 часа однапред, писмено или преку телефон, а потрошувачите со кои има склучен договор за испорака на електрична енергија по пристапување најмалку 24 часа однапред — преку дневниот печат, радиото или другите средства на јавното информирање.

Ако дојде до прекинување или ограничување во испораката на електрична енергија поради квар на електроенергетски објект поради виша сила, испорачувачот е должен во што пократок рок да го отстрани настанатиот квар. Ако такви прекинувања или ограничувања треба да траат подолго од два часа, испорачувачот е должен да го извести потрошувачот односно купувачот за нивното траење.

7. Завршна одредба

Член 42

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6211/1
26 мај 1969 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
д-р **Боривое Јелиќ**, с. р.

372.

Врз основа на членот 54 став 1 од Законот за посадата на бродовите на југословенската трговска морнарица („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65), во согласност со сојузниот секретар за внатрешни работи, сојузниот секретар за стопанство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОМОРСКИТЕ КНИШКИ И ДОЗВОЛИТЕ ЗА УКРЦУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за поморските книшки и дозволите за укрцување („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/65 и 41/67) во членот 2 став 1 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „странски државјани и лица без државјанство".

Во ставот 2 зборовите: „рибарски брод и" и зборовите: „брод односно" се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6289/1
15 мај 1969 година
Белград

Заменик
сојузен секретар
за стопанство,
Владо Јуричиќ, с. р.

373.

Врз основа на членот 28 став 1 од Законот за утврдување на способноста за пловидба на поморските бродови и пловилата за внатрешна пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/64 и 47/65), сојузниот секретар за стопанство издава

НАРЕДБА

ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА БАЈДАРСКИТЕ ОТВОРИ НА БРОДОВИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ТРГОВСКА МОРНАРИЦА

1. На бродовите на Југословенската трговска морнарица (во понатамошниот текст: бродовите) отворите на надворешните страни од просторите на горната палуба, што служат за сместување на сув товар, мораат да бидат трајно затворени или снабдени со пропишаните средства за затворање.

2. На бродовите со отворена заштитна палуба, покрај отворите од точката 1 на оваа наредба, мораат да бидат трајно затворени или снабдени со пропишаните средства за затворање и следните отвори:

1) бајдарските грла на горната палуба;

2) бајдарските отвори во преградите на меѓупалубјето;

3) бајдарските отвори на боковите од бродот под горната палуба;

4) отворите на излевните цевки на бајдарскиот кладенец;

5) отворите на надворешната оплата на излевните цевки од меѓупалубниот простор.

3. Сите отвори на бродовите наведени во точ. 1 и 2 од оваа наредба мораат трајно да се затворат или да се снабдат со пропишаните средства за затворање најдоцна до првиот нареден специјален преглед извршен по влегувањето во сила на оваа наредба.

4. Оваа наредба влегува во сила по истекот на деведесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3801/2
30 мај 1969 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
д-р **Боривое Јелиќ**, с. р.

374.

Врз основа на членот 24 од Законот за книговодството на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/68), сојузниот секретар за финансии пропишува

УПАТСТВО

ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО БИЛАНСИТЕ НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

I. Општи одредби

1. Работните организации ги пополнуваат, на начинот предвиден со ова упатство, образците: биланс на состојбата, биланс на успехот, деловен резултат во текот на годината и заклучен лист, кои образци, во смисла на чл. 14 и 17 од Законот за книговодството на работните организации (во понатамошниот текст: Законот за книговодството), се објавени кон тој закон и се негов составен дел.

2. При пополнувањето на образците од точката 1 на ова упатство, во поглед содржината на одделни конта што се наведени во колоната 2 на тие образци, работните организации постапуваат според Упатството за содржината на одделни конта во Основниот контен план за работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/68) и според одредбите на ова упатство.

3. Паричните вредности во сите образци од точката 1 на ова упатство се искажуваат во полни износи (динари со пари).

Другите податоци работните организации ги искажуваат во броеви без децимали.

4. Работните организации што во својот состав имаат самостојни организации на здружен труд со својство на правно лице, ги пополнуваат и ѝ ги доставуваат на Службата на општественото книговодство (во понатамошниот текст: Службата) во смисла на чл. 15 и 17 од Законот за книговодството податоците од завршните сметки и периодичните пресметки, на образците од точката 1 на ова упатство, и тоа посебно: 1) за секоја од тие самостојни организации; 2) за преостанатиот дел на работната организација — ако делот на работењето на работната организација како целина се врши и надвор од самостојните организации на здружен труд со својство на правно лице, и 3) за работната организација како целина.

Работните организации што во својот состав имаат самостојни организации на здружен труд без својство на правно лице, покрај податоците од ставот 1 на оваа точка што ѝ ги доставуваат на Службата за работењето на работната организација како целина, ги пополнуваат и ѝ ги доставуваат на Службата и за секоја од тие самостојни организации образецот биланс на успехот и образецот деловен резултат во текот на годината, со тоа што во образецот биланс на успехот од посебните податоци пополнуваат само податоци под ред. бр. 3, 4, 8 и 9, а во образецот деловен резултат во текот на годината — од посебните податоци само податоци под ред. бр. 23, 24, 27 и 28.

5. Во смисла на чл. 15 и 17 од Законот за книговодството работната организација ѝ доставува на Службата податоци на образците биланс на состојбата, биланс на успехот и деловен резултат во текот на годината во по четири примероци, а на образецот заклучен лист во еден примерок. Образецот биланс на успехот и образецот деловен резултат во текот на годината за самостојните организации на здружен труд без својство на правно лице ѝ се доставуваат на Службата во два примерока.

Работните организации податоците од ставот 1 на оваа точка ѝ ги доставуваат на организационата единица на Службата кај која имаат жиро-сметка, и тоа како за работната организација како целина, така и за самостојните организации на здружен труд што се во нејзин состав.

Организациите во состав на здружено претпријатие и здруженото претпријатие ѝ ги доставуваат податоците според ставот 1 на оваа точка непосредно на организационата единица на Службата кај која тие организации односно здруженото претпријатие имаат жиро-сметка.

II. Содржина на одделни позиции во билансот на состојбата

6. Билансот на состојбата се составува врз основа на книговодствените податоци.

7. Во образецот биланс на состојбата под ред. бр. 1 до 130 се внесуваат податоци од соодветните конта означени во колоната 2 на овој образец, според состојбите искажани на одделни конта на крајот на годината, и тоа на тој начин што во колоните 4 и 5 се внесуваат податоци од завршната сметка на претходната година, а во колоните 6 и 7 податоци за тековштата година.

Во колоните 4 и 6 (претколони) се искажуваат поединечните износи од наведените конта, а во ко-

лоните 5 и 7 (главни колони) се искажуваат вкупните износи на соодветните категории — групи на средства во нето-износи, т. е. по одбивање на исправката на вредноста.

Како категории на средства што треба да се искажат во колоните 5 и 7 се искажуваат следните податоци, и тоа: во активата под А (I, II, III, IV и V), Б и В, а во пасивата под А (I и II) Б и В.

8. Во образецот биланс на состојбата се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 6 до 8 — побарувањата во бруто-износ, а под ред. бр. 9, 10 и 11 — побарувањата во нето-износ;

— под ред. бр. 12 до 22 — износите што не се покриени со остварениот доход на текуштата година;

— под ред. бр. 23 — не се внесуваат податоци;

— под ред. бр. 24 — состојбата само ако со остварениот доход не можеле да бидат покриени износите на издатоците од средствата на заедничката потрошувачка што работната организација ги исплатила во смисла на членот 14 став 1 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/68 — во понатамошниот текст: Законот за доходот);

— под ред. бр. 64 — износот на непокриената загуба на текуштата година и износот на пренесената загуба од поранешните години што не можеле да бидат покриени на начинот пропишан со Законот за средствата на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/68, 24/68 и 48/68 — во понатамошниот текст: Законот за средствата).

9. Ако на крајот на годината се појави долговно салдо на контата што претставуваат конта на пасивата, ова салдо треба да се искаже во образецот биланс на состојбата под ред. бр. 11, а побарувачкото салдо што ќе се појави на контата на активата се искажува под ред. бр. 108 на овој образец.

III. Содржина на одделни позиции во билансот на успехот

10. Билансот на успехот се составува врз основа на книговодствените состојби.

11. Во колоната 4 од образецот биланс на успехот се внесуваат податоци од завршната сметка за претходната година, а во колоната 5 се внесуваат податоци од соодветните конта назначени во колоната 2 за текуштата година.

12. Во образецот биланс на успехот се искажуваат и тоа:

— под ред. бр. 9 — износот на вонредните расходи намален за разликата настаната при инвентарисувањето на залихите на недовршеното производство, сопствените полупроизводи и готовите производи (разлика помеѓу фактичната и книговодствената состојба).

Под овој реден број се искажува и разликата според членот 40 став 2 од Основниот закон за стопанското работење (стопанисувањето) со станбените згради во општествена сопственост („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/65 и 50/68), отплатите на заеми според членот 117 од Законот за средствата, како и казните за прекршоци и престапи и сличните издатоци што повремено се јавуваат во работната организација;

— под ред. бр. 15 — и регресите и премиите што според посебни прописи влегуваат во вкупниот приход, во пресметаните износи по фактурите издадени до 31 декември текуштата година;

— под ред. бр. 20 — и кусоците при инвентарисувањето што паѓаат на товар на одговорните лица, како и вредноста на стоките од сопствено производство што имаат карактер на крајна потрошувачка (член 8 од Законот за доходот);

— под ред. бр. 21 — износот за кој работната организација примила пресметка од друга работна организација на име учество во доходот остварен со заедничко работење за текуштата година;

— под ред. бр. 23 — приходите од пресметаните камати по сите основи, вклучувајќи ги и каматите на средствата на сите фондови;

— под ред. бр. 24 — приходите од дотации, субвенции и сл. примени до 31 декември текуштата година;

— под ред. бр. 26 — износот на вонредните приходи намален за износот на утврдените вишоци при пописот на недовршеното производство, сопствените полупроизводи и готовите производи.

Под овој реден број се искажуваат и наплатените отпишани побарувања, надоместоците на штета по основ на осигурување на обртните средства, отпис на обврски извршен врз основа на присилно поравнување, освен ако со судска одлука за поравнување не е решено поинаку и сл.;

— под ред. бр. 45 — износот што самостојната организација на здружен труд го издвоила од својот доход за покривање на загуба на други самостојни организации на здружен труд во состав на истата работна организација, во смисла на статутот или договор врз основа на статутот;

— под ред. бр. 49 — износот што работната организација го издвојува од доходот за потребите на општествените служби, во смисла на членот 12 став 3 од Законот за доходот;

— под ред. бр. 52 — износите што според посебни прописи се издвојуваат од доходот во другите фондови, како што се: заеднички фонд на ризикот на поморските бродарски претпријатија на прекуокеанската пловидба, фондовите кај основачите на заштитни работилници и заедничките фондови на заштитните работилници, фондот за научноистражувачка работа на здравствените установи и др.;

— под ред. бр. 62 — работната организација што работи со загуба го искажува износот на доходот под ред. бр. 60 на овој образец намален за износот на загубата од контото 850;

— под ред. бр. 63 — делот на доходот што им припаѓа на работните организации врз основа на заедничка работа и вложените средства во заеднички организации во смисла на членот 4 од Законот за доходот.

Ако работната организација стечениот доход го вложи во заеднички фондови на заедничките организации во смисла на членот 4 од Законот за доходот, тој доход во своето книговодство ќе го евидентира преку контата на класата 9, зависно од тоа во кој фонд се вложува доходот;

— под ред. бр. 64 — заедничката организација основана во смисла на членот 4 од Законот за доходот, го искажува делот на доходот што им припаѓа на работните организации што ја формирале. Работните организации што формирале заедничка организација, под овој реден број го искажуваат износот даден за покривање на загубата на заедничката организација;

— под ред. бр. 66 — загуба поради неостварен доход (ред. бр. 53 минус ред. бр. 65 од овој образец);

— под ред. бр. 70 работните организации што не остариле доход го искажуваат и износот даден за покривање на загубата на заедничката организација што ја формирале во смисла на членот 4 од Законот за доходот;

— под ред. бр. 71 — заедничката организација формирана во смисла на членот 4 од Законот за доходот го искажува износот по применета пресметка од работните организации што ја формирале на име покривање на својата загуба;

— под ред. бр. 74 — износот што по пресметката е примен од другите содоговорачи на име покривање на загубата од заедничкото работење во текуштата година;

— под ред. бр. 75 — износот што по пресметката го примила самостојната организација на здружен труд врз основа на договорот од другите самостојни организации на здружен труд во составот на истата работна организација, за покривање на загубата во текуштата година според статутот или договорот врз основа на статутот;

— под ред. бр. 76 — износот примен за покривање на загубата од средствата на заедничките резерви без обврска за враќање, како и дотациите и другите средства што не се враќаат;

— под ред. бр. 77 — износот на законските обврски со кој е покриена загубата во смисла на членот 17 став 2 од Законот за доходот;

— под ред. бр. 78 — износот на загубата на текуштата година што е покриен со намалување на деловниот фонд според одредбите на членот 77 од Законот за средствата;

— под ред. бр. 79 — делот на загубата на текуштата година што не можел да биде покриен според важечките прописи.

13. Во билансот на успехот во посебни податоци се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 — износот на запрениот данок на промет на стоки на мало, т. е. побарувачката страна на контото 260;

— под ред. бр. 2 — износот на запрениот надоместок од малопродавната цена на бензинот и плинското масло, т. е. соодветниот дел на побарувачката страна на контото 262;

— под ред. бр. 3 — износот на исплатените лични доходи без придонесите, т. е. без придонесот од личниот доход од работен однос, придонесот за образование, придонесот за социјално осигурување, придонесот за непосредна детска заштита и детскиот додаток и придонесот за запослување, т. е. долговната страна на контото 250 намалена за износот на побарувачката страна на контото 261.

— под ред. бр. 4 — износот на исплатените придонеси од личниот доход наведени во објаснението дадено за искажување на податоците под ред. бр. 3 (долговна страна на контото 261);

— под ред. бр. 5 — износот на пресметаниот данок според Законот за данокот на добивка на странски лица што вложуваат средства во домашна стопанска организација за заедничко работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 31/67 и 9/68), т. е. побарувачката страна на контото 266;

— под ред. бр. 6 — износот на просечно користените основни средства, кој се изнаоѓа на тој начин што збирот на состојбите на почетокот на секој месец и на крајот на годината (31 декември) на контата од групите 00,01, и дел од контото 124 што се однесува на заедничките вложувања во основни средства, намален за збирот на месечните состојби на контата од групата 02, ќе се подели со бројот на месеците плус 1 односно со бројот на состојбите земени во пресметка;

— под ред. бр. 7 — износот на просечно користените обртни средства, кој се изнаоѓа на тој начин што од збирот на почетокот на секој месец и на крајот на годината (31 декември) од групите на контата 90 и 91 поделен со бројот на месеците плус 1 односно со бројот на состојбите земени во пресметка, ќе се одбие износот на просечно користените основни средства (искажан под ред. бр. 6 на оваа точка) и соодветниот просечен износ на основните средства во подготовка (група на конта 03). Добиениот износ треба да се наголеми за просечниот износ на средствата користени за обртни цели од резервниот фонд (дел од контата 050, 051), фондот на заедничката потрошувачка (дел од контото 080) и другите фондови (дел на контото 070);

— под ред. бр. 8 — податокот за бројот на вработените врз основа на бројната состојба на крајот на секој месец во текот на годината;

— под ред. бр. 9 — податоците за просечниот број на вработените, добиени на тој начин што износот на укалкулираните часови на работа ќе се подели со бројот на часови на работа по работник од редовен работен однос. Бројот на часовите на работа по еден работник се изнаоѓа така што бројот на месеците на работа ќе се помножи со месечниот број на часови што е предвиден со општиот акт на работната организација;

— под ред. бр. 10 — сите издатоци исплатени во текот на годината за стручно образование на кадрите (исплати на товар на средствата на заедничката потрошувачка, исплати за овие намени во смисла на членот 14 став 1 од Законот за доходот, како и дел на доходот под рем. бр. 49 на овој образец издвоен за образование во смисла на членот 12 став 3 на тој закон);

— под ред. бр. 11 — износот на пресметаната амортизација според пропишаните стопи на чл. 3 до 7 од Законот за стопите на амортизацијата на основните средства на работните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 52/66, 40/68, 50/68 и 8/69);

под ред. бр. 12 — износот на непотрошената амортизација, со состојбата на 31 декември текуштата година;

— под ред. бр. 13 — фактичните трошоци на инвестиционото одржување на основните средства во текуштата година, било да се во прашање услуги на други лица или трошоци извршени во сопствена режија. Податоците се земаат од соодветните конта, зависно од начинот на пресметувањето на овие трошоци;

— под ред. бр. 14 — фактичните трошоци за обновување, одржување и истражување на резерви на рудно и друго минерално богатство, трошоците за освојување на ново производство и трошоците за производното откривање на минерални суровини, било да се во прашање услуги на други лица или трошоци извршени во сопствена режија. Податоците се земаат од соодветните конта, зависно од начинот на пресметувањето на овие трошоци;

— под ред. бр. 15 и 16 — податоците за потрошените средства на заедничката потрошувачка, врз основа на податоците за промените настанати во текот на годината на контото 080, со тоа што под ред. бр 16 не се внесува делот што е веќе искажан под ред. бр. 10;

— под ред. бр. 17 — состојбата на непотрошените средства за станбена изградба формирани по стопа од 4% според важечките прописи, земајќи ги при тоа промените на контата 980 и 080. Во оваа состојба се вклучуваат и средствата што се привремено користени како обртни а до крајот на годината не се вратени;

— под ред. бр. 18 и 19 — делот на деловниот фонд што се користи за обртни средства, односно делот на обртните средства што е користен за инвестиции. Податокот под овие редни броеви се утврдува на тој начин што збирот на состојбата на крајот на годината на контата 900, 901, 904, 906, 908, 220 и 221 ќе се намали за збирот на состојбите од групата конта 00, 01, 03 и 17, контото 185, делот на контата 120, 121 и 124 (што се однесува на пласмани од деловниот фонд, заеднички вложувања односно купувачи за основни средства) и делот на контото 103 што се однесува на обврзниците и благајничките записи од деловниот фонд а претходно е намален за состојбата на групата конта 02. Ако работната организација има втасани а ненаплатени отплати по кредити за основни средства, состојбата на контата 904 и 906 претходно се зголемува за износот на тие отплати (дел на контото 278). Ако работната организација добила посебен кредит од банката или од друга организација за покривање на дадените потрошувачки кредити, состојбата на контото 173 се намалува за состојбата на добиениот кредит. Состојбата на контата од групата 17 се намалува за сомнителните и спорните побарувања по основ на кредитните односи (дел од контото 126), коригирани за износот на исправката на вредноста (дел на контото 129). Кај периодични пресметки состојбата на контото 185 се наголемува за евентуалната состојба на контото 850.

Ако збирот на контата на пасивата (со извршените корекции) е поголем од збирот на контата на активата (со извршените корекции), податокот се искажува под ред. бр. 18. Ако збирот на контата на активата (со извршените корекции) е поголем од збирот на контата на пасивата (со извршените корекции), податокот се искажува под ред. бр. 19;

— под ред. бр. 20 — соодветниот износ од долговната страна на контото 278, кој се однесува на извршените отплати во текуштата година по креди-

тите за основни средства, за почетниот фонд на обртните средства и за трајни обртни средства (конта 904, 905, 906 и 907);

— под ред. бр. 21 — податокот за извршените отплати во текуштата година по кредитите за повремени обртни средства (конта 910, 911 и 918);

— под ред. бр. 22 — состојбата на соодветниот дел на контото 278 на 31 декември текуштата година, која се однесува на втасаните а неуплатени отплати по инвестиционите кредити за основни средства и за трајни обртни средства, евидентирани на контата 904, 905, 906 и 907;

— под ред. бр. 23 — отплатите по инвестиционите кредити за основни и трајни обртни средства што втасуваат во следната година, а кои кредити на 31 декември текуштата година се евидентирани на контата 904, 905, 906 и 907.

IV. Содржина на одделни позиции во образецот деловен резултат во текот на годината

14. Образецот деловен резултат во текот на годината се пополнува врз основа на книговодствените состојби.

15. Во колоната 4 се внесуваат податоците од образецот деловен резултат во текот на годината за истиот период на претходната година, а во колоната 5 податоците од соодветните конта назначени во колоната 2 за текуштата година.

16. Во образецот деловен резултат во текот на годината податоците се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 9, 15, 20, 21, 23, 24 и 26 — онака како што е за одделни податоци под истите редни броеви објаснето да се искажуваат во образецот биланс на успехот;

— под ред. бр. 44 — целокупниот остаток на доходот, т. е. делот на кој се плаќа камата на фондовите во стопанството во смисла на членот 5 од Законот за установувањето на каматата на фондовите во стопанството („Службен лист на СФРЈ“, бр. 11/68 и 50/68) и делот кој е издвоен на посебна сметка кај Службата;

— под ред. бр. 54, 55, 56 и 58 — податоците според објаснението дадени за искажување на одделни позиции од билансот на успехот под ред. бр. 62, 63, 64 и 66.

17. Во образецот деловен резултат во текот на годината во посебните податоци се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 6 — орочените парични средства (конто 171) и издвоените парични средства за инвестиции (конто 030, без авансите за инвестиции и без средствата издвоени за инвестиции на посебна сметка кај Службата);

— под ред. бр. 7 — другите парични средства (група на контата 10 без контото 100);

— под ред. бр. 9 — активните салда на купувачите и добавувачите (конта 120, 121, 220, 221, 222);

— под ред. бр. 10 — средствата внесени во кредитниот фонд на банката и средствата за заедничко работење (конта 170 и 172);

— под ред. бр. 11 — паричните средства на фондовите (конта 040, 050, 051, 070 и 080);

— под ред. бр. 12 — вредноста на залихите на материјали и ситен инвентар (конта 310, 360 и 369);

— под ред. бр. 15 — вредноста на залихите на трговски стоки (конта 660 и 669);

— под ред. бр. 19 — краткорочните кредити (конта од групата 91);

— под ред. бр. 20 — другите долгорочни и краткорочни извори на деловни средства (конта 902, 903, 908, 909 и 918);

— под ред. бр. 21 — пасивните салда на добавувачите и купувачите (конта 120 и 121, 220, 221 и 222);

— под ред. бр. 29 — износот кој се добива на тој начин што збирот на состојбите од контото 900 на почетокот на секој месец во пресметковниот период и на крајот на пресметковниот период ќе се подели со бројот на месеците плус 1, односно со бројот на состојбите земени во пресметка;

— под ред. бр. 32 и 33 — податоците за потрошените средства на заедничката потрошувачка врз основа на податоците за промените настанати во текот на пресметковниот период на контото 080.

Објасненијата за искажување дадени кон одделни редни броеви на посебните податоци на образецот биланс на успехот се применуваат и при искажување на податоците кај соодветните редни броеви на посебните податоци од образецот деловен резултат во текот на годината, така што објаснението за искажување во образецот биланс на успехот под ред. бр. 3 да важи за искажување во образецот деловен резултат во текот на годината под ред. бр. 23, под ред. бр. 4 за ред. бр. 24, под ред. бр. 6 за ред. бр. 25, под ред. бр. 7 за ред. бр. 26, под ред. бр. 8 за ред. бр. 27, под ред. бр. 9 за ред. бр. 28, под ред. бр. 11 за ред. бр. 30, под ред. бр. 12 за ред. бр. 31, под ред. бр. 17 за ред. бр. 34, под ред. бр. 18 и 19 за ред. бр. 35 и 36, под ред. бр. 20 за ред. бр. 37, под ред. бр. 21 за ред. бр. 38, под ред. бр. 22 за ред. бр. 39, под ред. бр. 23 за ред. бр. 40, под ред. бр. 13 за ред. бр. 41, и под ред. бр. 14 за ред. бр. 42, со тоа што при искажувањето на посебните податоци од образецот деловен резултат во текот на годината, наместо состојбата на крајот на годината, да се зема состојбата на крајот на пресметковниот период.

V. Содржина на одделни позиции во образецот заклучен лист

18. Образецот заклучен лист се пополнува со состојбата на 30 јуни, 30 септември и 31 декември, на следниот начин:

1) во образецот се внесуваат хронолошки сите конта од Основниот контен план за работните организации, на кои работната организација во текот на годината вршела книжења во деловните книги;

2) во колоната 8 се внесува збирот на износите од колоните 4 и 6, а во колоната 9 — збирот на износите од колоните 5 и 7.

Во колоните 10 и 11 се внесуваат салдата од сите конта.

Во колоните 12 и 13 се внесуваат салдата од контата на класата 4, вклучувајќи го и контото 490, салдата од контата 70 до 78 пред пренесување на контото 790, салдото на контото 790 пред пренесување на контото 810 односно контото 850, како и салдата на контата од класата 8 пред нивното меѓусебно затворање.

VI. Содржина на одделни позиции во билансите на соединети, присоединети и поделени работни организации

19. Кај работните организации кај кои настанале организациони промени (соединување, присоединување, поделба, издвојување или други) во текот на годината за која се составува завршната сметка односно периодичната пресметка, во обрасците на завршната сметка односно периодичната пресметка се искажуваат податоците за текуштата година, и тоа посебно за периодот од денот на организационата промена до крајот на годината односно до крајот на пресметковниот период, а посебно за периодот пред извршената организациона промена, т.е. од 1 јануари до денот на организационата промена, со тоа што за овој период за таквите организации при пополнувањето на обрасците за завршната сметка и за периодичната пресметка не се пополнува образецот биланс на состојбата, а во образецот биланс на успехот, во делот посебни податоци, не се внесуваат податоци под ред. бр. 6, 7, 8, 9, 18 и 19, ниту во образецот деловен резултат во текот на годината, исто така во делот посебни податоци, се пополнуваат позициите под ред. бр. 1 до 22, 25 до 29, 35 и 36.

Заради обезбедување споредливост на податоците од текуштата година односно текуштиот период со податоците од претходната година односно соодветниот претходен период, кај работните организации од ставот 1 на оваа точка во обрасците на завршната сметка се искажуваат сите податоци за целата претходна година, а во обрасците на перио-

дичните пресметки се искажуваат сите податоци за соодветниот период од претходната година.

Податоците од ст. 1 и 2 на оваа точка ги пополнуваат и ѝ ги поднесуваат на Службата работните организации односно организациите во состав на здружено претпријатие, при поднесување на завршната сметка односно периодичната пресемтка.

20. Работните организации основани во текуштата година внесуваат во колоната за претходната година податок „Новооснована организација".

VII. Преодни и завршни одредби

21. При составувањето на завршната сметка за 1969 година во колоните 4 и 5 на образецот биланс на состојбата се внесуваат податоците според почетната состојба на 1 јануари 1969 година, т.е. податоците книжени на определени конта според Упатството за содржината на одделни конта во Основниот контен план за работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/68).

Во обрасците биланс на успехот и деловен резултат во текот на годината, за 1969 година, во колоната 5 под ред. бр. 1 се внесува и делот од материјалните трошоци на работењето и амортизацијата содржан во фактурираната а ненаплатена реализација на 31 декември 1968 година (дел од контото 198 пренесен на контото од групата 70) според одредбата на точката 59 од Упатството за содржината на одделни конта во Основниот контен план за работните организации.

22. Во образецот биланс на успехот во колоната 4 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 — податокот кој се добива на тој начин што од податоците под ред. бр. 31 и 32 на колоната 4 од образецот ЗС-1 за 1968 година ќе се одбие износот на договорните и законските обврски и личните доходи во смисла на точката 59 од Упатството за содржината на одделни конта во Основниот контен план за работните организации. Износот под овој реден број се зголемува за делот на материјалните трошоци на работењето и амортизацијата содржан во ненаплатената реализација на 31 декември 1967 година (дел од контото 198);

— под ред. бр. 2 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 7 и 8, без износот кој се внесува под ред. бр. 31 од колоната 4 на овој образец, и под ред. бр. 12, 14, 15 од колоната 4 и под ред. бр. 31 од колоната 5;

— под ред. бр. 3 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 9;

— под ред. бр. 4 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 17 и 18;

— под ред. бр. 5 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 16;

— под ред. бр. 6 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 20 и од колоната 5 делот под ред. бр. 34 кој се однесува на непокриената разлика на неамортизираниот дел од основните средства;

— под ред. бр. 8 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година од колоната 5 под ред. бр. 27;

— под ред. бр. 9 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година од колоната 5 под ред. бр. 32, 35, 37 и делот од ред. бр. 34 кој се однесува на износот од малопродавната цена на бензинот и плинското масло и од разликата според членот 40 став 2 од Основниот закон за стопанското работење (стопанисувањето) со станбените згради во општествена сопственост;

— под ред. бр. 11 — износот од колоната 5 под ред. бр. 1 на образецот биланс на успехот намален за износот на материјалните трошоци и амортизацијата кој се однесува на ненаплатената реализација кон крајот на 1968 година (дел од контото 198);

— под ред. бр. 15 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 4 без реализацијата на трговските стоки, материјали и отпадоци и без соодветниот данок на промет кој не влегува во вкупниот приход во 1969 година (сојузен данок на промет тар. бр. 1 до 16, како и републички односно општински данок на промет);

— под ред. бр. 16 — не се искажува податок;

— под ред. бр. 17 — не се искажува податок бидејќи овој податок е опфатен под ред. бр. 15 на овој образец;

— под ред. бр. 18 — износот на реализираните трговски стоки, материјали и отпадоци искажан во рамките на износот под ред. бр. 4 од колоната 4 на образецот ЗС-3 за 1968 година, намален за износот на данокот на промет кој не влегува во вкупниот приход во 1969 година (сојузен данок на промет тар. бр. 1 до 16, како и републички односно општински данок на промет);

— под ред. бр. 19 и 20 не се искажува податок бидејќи овој податок е опфатен под ред. бр. 15 на овој образец;

— под ред. бр. 21 — делот од износот под ред. бр. 113 на колоната 5 од образецот ЗС-1 за 1968 година, кој се однесува на учеството во доходот остварен со заедничко работење;

— под ред. бр. 22, 23 и 25 не се искажуваат податоци;

— под ред. бр. 24 — податок под ред. бр. 186 на колоната 5, од образецот ЗС-1 за 1968 година;

— под ред. бр. 26 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година од колоната 5 под ред. бр. 76;

— под ред. бр. 30 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година под ред. бр. 10 од колоната 5;

— под ред. бр. 31 — податокот од контото 413 на 31 декември 1968 година, помножен со коефициентот Р-1 за 1968 година;

— под ред. бр. 32 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година под ред. бр. 13 на колоната 5;

— под ред. бр. 33 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година под ред. бр. 22 на колоната 5;

— под ред. бр. 34 не се искажува податок;

— под ред. бр. 35 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година под ред. бр. 21 на колоната 5;

— под ред. бр. 36 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година под ред. бр. 29 на колоната 5;

— под ред. бр. 37 — податокот кој се добива на тој начин што износот искажан под ред. бр. 25 на колоната 5 од образецот ЗС-3 за 1968 година ќе се подели со бројот 105;

— под ред. бр. 38 — податокот кој се добива на тој начин што износот внесен под ред. бр. 37 ќе се помножи со бројот 4;

— под ред. бр. 39 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година под ред. бр. 19 на колоната 5;

— под ред. бр. 40 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година под ред. бр. 33 на колоната 5;

— под ред. бр. 41 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година под ред. бр. 23 на колоната 5;

— под ред. бр. 42 — не се внесуваат податоци;

— под ред. бр. 43 — податокот кој се добива на тој начин што од износот искажан под ред. бр. 25 на колоната 5 на образецот ЗС-3 за 1968 година ќе се одбијат износите искажани под ред. бр. 37 и 38 на овој образец;

— под ред. бр. 44 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 114 и 115 на колоната 5, како и делот под ред. бр. 116 кој се однесува на покривање на загуба од заедничко работење;

— под ред. бр. 45 — самостојните организации на здружен труд го искажуваат податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година, и тоа делот под ред. бр. 116 на колоната 5 кој се однесува на делот од доходот што е издвоен за покривање на загуба на други единици;

— под ред. бр. 46 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 125 на колоната 5;

— под ред. бр. 47 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 134 на колоната 5;

— под ред. бр. 48 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 126 на колоната 5;

— под ред. бр. 49 — податокот под ред. бр. 11 на колоната 5 од образецот ЗС-3 за 1968 година;

— под ред. бр. 50 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 130 и 132 на колоната 5 и делот под ред. бр. 131 на колоната 5 кој се однесува на деловен фонд;

— под ред. бр. 51 — податоците од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 133 на колоната 5 и делот под ред. бр. 131 на колоната 5 кој се однесува на фондот на заедничката потрошувачка;

— под ред. бр. 52 — податоците од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 135 на колоната 5, како и делот од доходот кој не е искажан на другите позиции. Работните организации што имаат издвојувања во другите фондови ќе ги искажат податоците под овој реден број во два износи;

— под ред. бр. 54 до 61 — не се искажуваат податоци;

— под ред. бр. 62 — износот под ред. бр. 13 на образецот биланс на успехот;

— под ред. бр. 63 — податокот од колоната 5 на образецот ЗС-1 за 1968 година, и тоа делот под ред бр. 113 и делот под ред. бр. 116;

— под ред. бр. 64 — податокот од делот под ред. бр. 116 од колоната 5 на образецот ЗС-1 за 1968 година;

— под ред. бр. 68 — податокот под ред. бр. 28 на колоната 4 од образецот биланс на успехот;

— под ред. бр. 70 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 121 на колоната 5 кој се однесува на покривањето на загубата од заедничкото работење ако работната организација работела со загуба;

— под ред. бр. 71 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година, и тоа делот под ред. бр. 123 на колоната 5 кој се однесува на износот примен од членовите на деловното здружение на име покривање на загубата на деловното здружение;

— под ред. бр. 73 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 140 на колоната 5, и тоа делот кој се однесува на покривањето на загубата од текуштата година;

— под ред. бр. 74 — податокот под ред. бр. 123 на колоната 5 од образецот ЗС-1 за 1968 година кој се однесува на делот од износот примен по основ на враќање на загубата од заедничкото работење, како и износот под ред. бр. 112 на колоната 5 од истиот образец;

— под ред. бр. 75 — самостојната организација на здружен труд го искажува како дел под ред. бр. 123 на колоната 5 од образецот ЗС-1 за 1968 година износот што таа го примила од други самостојни организации на здружен труд;

— под ред. бр. 76 — податокот под ред. бр. 141, 142 и 144 на колоната 5 од образецот ЗС-1 за 1968 година, и тоа делот што се однесува на покривањето на загубата од 1968 година;

— под ред. бр. 77 — не се искажува податок;

— под ред. бр. 78 — износот на загубата од 1968 година што е покриен на товар на деловниот фонд;

— под ред. бр. 79 — само износот на загубата од 1968 година што не можел да биде покриен од средствата на деловниот фонд.

23. Во посебните податоци на образецот биланс на успехот во колоната 3 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 — податокот под ред. бр. 28 и 30 на колоната 5 од образецот ЗС-3 за 1968 година;

— под ред. бр. 2 — податокот од образецот ЗС-3 за 1968 година, и тоа делот под ред. бр. 34 на колоната 5;

— под ред. бр. 3 — долговната страна на контата 140, 141, 143, дел од 144, 146, дел од 147, 148 и дел од 276 (состојба на 31 декември 1968 година);

— под ред. бр. 4 — долговната страна на контата 236, 237 и дел од 239 кој се однесува на придонесот за запослување (состојба на 31 декември 1968 година);

— под ред. бр. 5 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 202 на колоната 5;

— под ред. бр. 6 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 182 на колоната 5;

— под ред. бр. 7 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 184 на колоната 5;

— под ред. бр. 8 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 168 на колоната 5;

— под ред. бр. 9 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 167 на колоната 5;

— под ред. бр. 10 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 11 на колоната 4;

— под ред. бр. 11 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 195 на колоната 5;

— под ред. бр. 12 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 197 на колоната 5;

— под ред. бр. 13 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 187 на колоната 5;

— под ред. бр. 14 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 188 на колоната 5;

— под ред. бр. 15 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 177 на колоната 5;

— под ред. бр. 16 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 178 на колоната 5;

— под ред. бр. 17 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 179 на колоната 5;

— под ред. бр. 18 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 198 на колоната 5;

— под ред. бр. 19 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 199 на колоната 5;

— под ред. бр. 20 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 173 на колоната 5;

— под ред. бр. 21 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 174 на колоната 5;

— под ред. бр. 22 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 175 на колоната 5;

— под ред. бр. 23 — податокот од образецот ЗС-1 за 1968 година под ред. бр. 176 на колоната 5.

24. Во образецот деловен резултат во текот на годината во колоната 4 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 — податокот кој се добива на тој начин што од податоците под ред. бр. 31 и 32 на колоната 4 од образецот ЗС-1 за 1968 година ќе се одбие износот на законските и договорните обврски и личните доходи во смисла на точката 59 од Упатството за содржината на одделни конта во Основниот контен план за работните организации. Така добиениот износ треба да се наголеми со делот на материјалните трошоци на работењето и на амортизацијата содржани во ненаплатената реализација на 31 декември 1967 година (дел од контото 198);

— под ред. бр. 2 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 7 и 8, без износот кој се внесува под ред. бр. 31 од колоната 4 на овој образец, и под ред. бр. 12, 14 и 15 од колоната 4 и под ред. бр. 31 од колоната 5;

— под ред бр. 3 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 9;

— под ред. бр. 4 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 17 и 18;

— под ред. бр. 5 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 16;

— под ред. бр. 6 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година од колоната 4 под ред. бр. 20;

— под ред. бр. 8 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година од колоната 5 под ред. бр. 27;

— под ред. бр. 9 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година од колоната 5 под ред. бр. 32, 34, 35 и 37;

— под ред. бр. 11 — податокот кој се добива на тој начин што од податоците под ред. бр. 93 и 94 на колоната 5 од образецот ППР-1 за 1968 година ќе се одбие износот на законските и договорните обврски и личните доходи во смисла на точката 59 од Упатството за содржината на одделни конта во Основниот контен план за работните организации;

— под ред. бр. 15 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година од колоната 4 под ред бр. 4, без реализацијата на трговските стоки, материјали и отпадоци и без соодветниот данок на промет кој не влегува во вкупниот приход за 1969 година (сојузен данок на промет тар. бр. 1 до 16, како и републички односно општински данок на промет);

— под ред. бр. 16 — не се искажува податок;

— под ред. бр. 17 — не се искажува податокот бидејќи е опфатен под ред. бр. 15 на овој образец;

— под ред. бр. 18 — износот на реализираните трговски стоки, материјали и отпадоци искажан во рамките на износот под ред. бр. 4 на колоната 4 од образецот ППР-2 за 1968 година, намален за износот на данокот на промет што не влегува во вкупниот приход во 1969 година (сојузен данок на промет тар. бр. 1 до 16, како и републички и општински данок на промет);

— под ред. бр. 19 и 20 — не се искажува податокот бидејќи овој податок е опфатен под ред. бр 15 на овој образец;

— под ред. бр. 21 — делот под ред. бр. 41 на колоната 5 од образецот ППР-1 за 1968 година, кој се однесува на учеството во доходот остварен со заедничко работење;

— под ред. бр. 22, 23, 24 и 25 — не се искажуваат податоци;

— под ред. бр. 26 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година од колоната 5 под ред. бр. 4;

— под ред. бр. 30 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година под ред. бр. 10 на колоната 5;

— под ред. бр. 31 — износот од контото 413 на 30 јуни односно 30 септември 1968 година помножен со коефициентот Р-1 за 1968 година (од соодветниот пресметковен период);

— под ред. бр. 32 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година под ред. бр. 13 на колоната 5;

— под ред. бр. 33 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година под ред. бр. 22 на колоната 5;

— под ред. бр. 34 не се искажува податок;

— под ред. бр. 35 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година под ред. бр. 21 на колоната 5;

— под ред. бр. 36 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година под ред. бр. 29 на колоната 5;

— под ред. бр. 37 — податокот кој се добива на тој начин што износот искажан под ред. бр. 25 на колоната 5 од образецот ППР-2 за 1968 година ќе се подели со бројот 105;

— под ред. бр. 38 — податокот кој се добива на тој начин што износот внесен под ред. бр. 37 на овој образец ќе се помножи со бројот 4;

— под ред. бр. 39 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година под ред. бр. 19 на колоната 5;

— под ред. бр. 40 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година под ред. бр. 33 на колоната 5;

— под ред. бр. 41 — податокот од образецот ППР-2 за 1968 година под ред. бр. 23 на колоната 5;

— под ред. бр. 42 — не се искажува податок;

— под ред. бр. 43 — податокот кој се добива на тој начин што од износот искажан под ред. бр. 25 на колоната 5 од образецот ППР-2 за 1968 година ќе се одбијат износите искажани под ред. бр. 37 и 38 од овој образец;

— под ред. бр. 44 — износот кој се добива кога од остварениот доход на ред. бр. 57 ќе се одбие збирот на износите на колоната 4 од ред. бр. 30 до 43 на образецот деловен резултат во текот на годината;

— под ред. бр. 46 до 53 — не се искажуваат податоци;

— под ред. бр. 54 — износот под ред. бр. 13 на овој образец;

— под ред. бр. 55 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година, и тоа делот под ред. бр. 41 и делот под ред. бр. 44 на колоната 5;

— под ред. бр. 56 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 42 и 43 и делот под ред. бр. 44 на колоната 5 кој се однесува на зголемувањето на загубата од заедничко работење.

25. Во образецот деловен резултат во текот на годината, во посебните податоци, во колоната 4 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 87 на колоната 5;

— под ред. бр. 2 — износот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 87 минус износот под ред. бр. 88 на колоната 5;

— под ред. бр. 3, 4, 6 и 7 — не се искажуваат податоци;

— под ред. бр. 5 — состојбата на контото 100 на 30 јуни односно 30 септември 1968 година;

— под ред. бр. 8 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 105 на колоната 5;

— под ред. бр. 9 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 107 на колоната 5;

— под ред. бр. 10 и 11 — не се искажуваат податоци;

— под ред. бр. 12 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 92 на колоната 5;

— под ред. бр. 13 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 93 на колоната 5;

— под ред. бр. 14 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 94 на колоната 5;

— под ред. бр. 15 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 95 на колоната 5;

— под ред. бр. 16 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 86 на колоната 5;

— под ред. бр. 17 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 96 и 97 на колоната 5;

— под ред. бр. 18 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 98 на колоната 5;

— под ред. бр. 19 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 99 плус 100 на колоната 5;

— под ред. бр. 20 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 101 на колоната 5;

— под ред. бр. 21 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 108 на колоната 5;

— под ред. бр. 23 — долговната страна на контата 140, 141, 143, дел од 144, 146, дел од 147, 148 и дел од 276 (состојба на 30 јуни односно 30 септември);

— под ред. бр. 24 — долговната страна на контата 236, 237 и дел од 239 кој се однесува на придонесот за запослување (состојба на 30 јуни односно 30 септември);

— под ред. бр. 25 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 109 на колоната 5;

— под ред. бр. 26 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 111 на колоната 5;

— под ред. бр. 27 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 85 на колоната 5;

— под ред. бр. 28 — податокот од обраезцот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 84 на колоната 5;

— под ред. бр. 32 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 114 на колоната 5;

— под ред. бр. 33 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 115 на колоната 5;

— под ред. бр. 37 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 102 на колоната 5;

— под ред. бр. 38 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 103 на колоната 5;

— под ред. бр. 39 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 104 на колоната 5;

— под ред. бр. 42 — податокот од образецот ППР-1 за 1968 година под ред. бр. 116 на колоната 5;

— под ред. бр. 22, 29, 30, 31, 34, 35, 36, 40 и 41 — не се искажуваат податоци.

26. Во смисла на членот 14 од Законот за книговодството, работните организации ги искажуваат податоците во билансот на состојбата, билансот на успехот и деловниот резултат во текот на годината на обрасците што овозможуваат механографска обработка на податоците на начинот што го утврдила Службата.

27. Работните организации што вршат дејности на општествени служби за кои републиките донесле пропис во смисла на членот 18 од Законот за книговодството, ги искажуваат податоците во своите завршни сметки и периодични пресметки и ги поднесуваат на начинот предвиден со тој пропис.

Работните организации што вршат дејности на општествени служби, кои во смисла на членот 23 од Законот за книговодството го водат книговодството на начинот утврден со прописите што важеле во 1964 година, ги пополнуваат обрасците од чл. 14 и 17 на Законот за книговодството на начинот определен со ова упатство со тоа што податоците во одделните позиции на тие обрасци да ги искажуваат врз основа на соодветните податоци од своето книговодство.

28. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

УКАЗИ

Претседателот на Републиката, врз основа на членот 217 став 1 точка 3 од Уставот, на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО АВГАНИСТАН И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО АВГАНИСТАН

I

Се отповикува

Иво Мирошевиќ од должноста на извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Авганистан.

II

Се назначува

Војо Шобаиќ, советник на државниот секретар за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Авганистан.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 102
2 јуни 1969 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ОДЛИКУВАЊА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особени заслуги во изградбата и јакнењето на оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за особени успеси во раководењето со воените единици, во нивното зајврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

инженериските потполковници: Грахек Јакоба Славко и Кнежевиќ Дане Милан;

техничките потполковници: Кнежевиќ Дане Милан и Обрадовиќ Паје Петар;

артилериските потполковници: Продановиќ Селимира Пајо и Томац Карла Хуго;

пешадиските мајори: Билуш Игњаца Иван, Јеринић Дуке Лазар, Маговац Даке Илија, Папиќ Јосипа Јурај, Петковиќ Фрање Анте, Раделиќ Анте Фрањо, Задникар Антона Антон;

техничкиот мајор: Дивац Василија Будимир;

мајорите на оклопни единици: Ивасовиќ Гаје Гајо;

артилериските мајори: Комљеновиќ Симе Миќан и Смоквина Ивана Иван;

инженериските мајори: Маркиќ Јожефа Јожеф и Рожац Андрије Јошко;

мајорот на сообраќајна служба: Станковиќ Николе Младен;

интендантските капетани I класа: Цујник Јанеза Јоже и Фистер Франца Антон;

техничкиот капетан I класа: Медвид Петра Стипе;

пешадискиот капетан I класа: Перхавец Алојза Алојз;

капетанот I класа за врска: Уравиќ Антона Антон;

воените службеници IV класа на административна служба: Берник Франца Франц и Станојчиќ Вује Анка;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

пешадискиот потполковник: Корошец Ловре Ловро;

санитетските потполковници: Оман Јанеза Рудолф и Ругаљ Јанеза Јанез;

санитетскиот мајор: Боромиса Јована Душан;

пешадиските мајори: Деспотушиќ Јозе Лука, Радочај Николе Илија, Штрбац Јована Владимир;

артилериските мајори: Деура Миле Стево, Фијембер Драгутина Ивица, Вуксановиќ Томе Бранко;

мајорот за врска: Крезовиќ Алексе Велимир;

техничкиот мајор: Вукман Ивана Вјекослав;

техничките капетани I класа: Аљуловиќ Атифа Мехмед, Цицвара Лазе Обрад, Миленковиќ Адама Томислав, Радојчиќ Милана Љубан;

пешадиските капетани I класа: Антиќ Стојана Бранко, Драгичевиќ Томеље Крсто, Јововиќ Пунише Божидар, Радовановиќ Драгиња Душан, Ренко Јожета Лудвиг, Суботиќ Крсте Слободан, Томашиќ Луке Јосип;

интендантскиот капетан I класа: Апостоловски Андона Раде;

капетаните I класа на финансиска служба: Бајчетић Гаше Саво, Димковски Бориса Чедомир, Недић Милана Богдан, Николић Бранка Љубомир;

санитетските капетани I класа: Балић Мухамеда Еђинан, Дилпарић Алексе Драган, Ђаковић Петра Дева, Јеремић Милије Боривоје, Кучић Ивана Стјепан, Мачковић Јосипа Лајчо, Слакић Шиме Данко;

капетаните I класа на градежна служба: Барић Стјепана Јурај, Булајић Гојка Јован, Кожељ Алојза Јоже;

артилериските капетани I класа: Баштовановић Радомира Радоје, Брижић Ђуре Иван, Булатовић Милована Милета, Ђурчић Петра Стојан, Димитријевић Александра Ћирило, Ђерић Дане Душан, Ђукановић Илије Михаило, Илијевски Косте Методије, Капус Јожета Јоже, Ковачевић Ивана Новак, Лењак Марка Доминик, Лукић Благоја Огњен, Масло Хусеина Хусеин, Миниħ Ранка Бошко, Накић Анђела Живојин, Ороз Јефте Радмило, Самарџић Јована Милош, Станковић Милана Милован, Стојнев Бориса Иван, Вермезовић Павла Милутин, Жерајић Светозара Сретен;

капетаните I класа на оклопни единици: Беатовић Милована Боривоје, Братић Ђорђа Младен, Грубишић Ивана Анте, Новаковић Ранислава Симо, Обрадовић Милована Бранислав, Скочилић Фрање Јосип, Толими Љубомира Александар, Зарол Фрање Александар;

инженериските капетани I класа: Цанић Недељка Војислав, Халер Марка Јово, Кукавица Станка Драго, Сили Михаела Славко, Стојановић Игњаца Драгутин;

капетаните I класа за врска: Крањц Франца Иван, Мерцел Алојза Зденко, Недељковић Миљка Радоица, Стипаничев Антона Иван, Тимотић Миленка Ђорђе;

капетаните I класа на АБХ одбрана: Начевски Димитра Михаило и Стојановић Бранка Велимир;

санитетските капетани: Брумен Ивана Хеда, Дежељин Јосипа Миховил, Храниловић Дане Дамир, Медић Миле Милан, Милачић Ђоке Радомир, Настасић Васе Раде, Новосел Ивана Миховил, Пршле Јосипа Јосип, Пулец Антона Херман, Стефановић Илије Милојко, Војнов Димитрија Стојан, Вукићевић Александра Милић;

техничките капетани: Дамљановић Радивоја Петар, Печелин Франца Франц, Петровић Марка Томислав, Вуковић Младена Радован;

капетаните на административна служба: Цафовић Омера Мехо, Лилић Милорада Родољуб, Сушник Антона Стане;

интендантските капетани: Ђорђевић Трајка Страхиња и Попржен Драгослава Млађен;

артилерискиот капетан: Ђурашковић Милосава Радован;

капетанот на правна служба: Горановић Саве Јово;

